# Проклето да е триклето




Проклето да е триклето,
Кој си заљуби две моми,
И двете в едно маало,
Анка и Станка на едно,

Ја стани Станке отвори,
Цигара да си запалам, (2 п.)
Две думи да ти продумам.

Не можам, лудо, да станам,
Цел ден сум лозје копала, (2 п.)
Тешка мотика дигала.

Ја иди лудо при Анка,
Анка е дома седела, (2 п.)
Бело е платно белела,

Бело е платно белела,
Бело е лице измила, (2 п.)
За тебе го е справила.

Пеел Иле Сидов од Скопје, 1940 година. (Се пее и во Тиквешко).

Хаџиманов, Васил. Македонски народни песни. Моми тиквешанки. Скопје: Македонска книга, 1968.